Бр. 02-239/4
17-05-2018 год.
Велес

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈПВ Лисиче-Велес, Управниот одбор на ЈПВ Лисиче-Велес на редовна седница одржана на 17.05.2018 година донесе:

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Планот за јавни набавки на ЈПВ Лисиче-Велес за 2018 година

Член 1

Планот за јавни набавки на ЈПВ Лисиче-Велес за 2018 година СЕ ИЗМЕНУВА И ДОПОЛНУВА како следи: **Услуги за вршење на стручен надзор над изведба или санација на инвестициони објекти според потребите на ЈПВ Лисиче-Велес за 2018 година.**
Проценетата вредност на постапката е во износ од **420.000** денари без вклучен ДДВ. Видот на постапката е Барање за прибирање на понуди до 20.000 евра.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

До Управен одбор е поднесено барање број 03-128/2 од 27.04.2018 година во кое се наведува дека во планот за јавни набавки на ЈПВ Лисиче-Велес, арх.бр.01-51/1 од 18.01.2018 година има предвидено постапка за доделување на договор за јавна набавка на *Услуги за вршење на стручен надзор над изведба или санација на инвестициони објекти според потребите на ЈПВ Лисиче-Велес за 2018 година*, со проценета вредност во износ од 120.000 денари без ддв и вид на постапка со барање за прибирање на понуди до 5000 евра.

Овој договор за јавна набавка предвидува сукцесивно ангажирање на стручен надзор кои ги опфаќа планираните изведби или санација на инвестициони активности коишто се предвидени во планот за јавни набавки и коишто треба да се реализираат во текот на 2018 година.

Кон оваа постапка за доделување на договор за јавна набавка потребно е да се додаде и стручен надзор кој што неоходно е да се ангажира, а не е предвиден во рамки на првичната горенаведена постапка и се однесува за јавната набавка на „Геотехнички истражувања и испитувања за неповолна филтрација на брана Лисиче со изработка на геотехнички елаборат и ревизија на истиот“, со проценета вредност од 2.100.000 денари без ддв-отворена постапка.

Стручниот надзор за оваа постапка согласно проценетата вредност изнесува не повеќе од 300.000 денари без ддв со што оваа сума потребно е да се додаде во првично предвидената постапка за јавна набавка, па се одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
-архива/правна служба
-сметководство
-директорот

Велес
17.05.2018 година

Претседател на
Управен одбор
Силвана Кржовска